До Министерство за животна средина и просторно планирање
Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје

**Коментари на нацрт законот за климатска акција**
**Национална Коалиција за клима на ГО**

Член 1
Во член 2 став 1 алинеја 1 се дополнува и гласи:
- придонес кон зголемување на напорите за зајакнување на глобалниот одговор кон заканата од климатските промени, согласно долгорочната цел на Договорот од Париз, за одржување на глобалниот пораст на температурата во овој век под 2°C над прединдустриските нивоа и продолжување на напорите за ограничување на зголемувањето на температурата на 1,5°C над прединдустриските нивоа, како и поддршка на заложбите за климатски неутрална Европа до 2050 година;

Член 2
Во член 2 став 1 алинеја 6 се менува и гласи:
- воспоставување рамка за политики, планирање и административни мерки неопходни за да се намалат емисиите на стакленички гасови од изворите, на ниво што се смета за научно неопходно, како и одржување и зајакнување на отстранувањата од понори, земајќи ги предвид преземените обврски и заложби согласно со меѓународните договори од областа на климатски промени, ратификувани од Република Северна Македонија,
Образложение:
Бидејќи Р.С.Македонија е потписник на поголем број меѓународни договори кои се директно поврзани со областа која ја уредува овој закон кои исто така државата ги има ратификувано сметаме дека сите треба да се земат предвид во овој закон како релевантни. На пр. Конвенција на Обединети Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши или опустинување, особено во Африка Закон за ратификација (“Службен весник на РМ” бр. 13/2002), Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во Р.С.М. и сл.

Член 3
Во Член 4 став 2 алинеја 7 се менува и гласи:
- извештаите изработени согласно одредбите на овој закон да ги направат јавно достапни на официјалните веб страници на органите од член 2 и
Образложение:
Достапни на увид на јавноста не е доволно бидејќи често се случува документите да бидат достапни на увид на јавноста само на огласна табла во просториите на општините што не е ефикасно ниту транспарентно. Затоа бараме да биде јасно изразено во овој закон дека ќе бидат достапни на веб страниците на органите.

Член 4
Во Член 5 ставот 13
Терминот Абсорбент се заменува со терминот јаглероден понор.
Образложение:
Сметаме дека е направен несоодветен превод на терминот „Carbon sink”, како најсоодветен превод е „јаглероден понор“.

Во член 5 ставот 44 се брише
Образложение:
Дефиницијата за неусогласеност не треба да биде во дефиниции, зошто во смисла на овој закон може да постои и друга неусогласеност. Треба да се префрли во нормативен член.

Во членот 5 после ставот 44 се додаваат нови ставови 45,46,47,48 и се додаваат дефиниции за за научно неопходни, ранливост, отпорност, конзервативна проценка на емисиите (на инсталацијата или операторот на воздухоплов каде што е соодветно.)

Член 5
Во член 8 став 4 точка 20 се менува и гласи:
20) тројца претставници од невладините организации активни во сферата на климатската акција од кои еден претставник од формите на младинско организирање

Во член 8 став 6 се дополнува и гласи:
(6) Составот на Советот се утврдува со именување на државните секретари од страна на Владата на Република Северна Македонија. Останатите членови од точките 15),16),17),18) и 21) од овој член се назначуваат на претходно барање на Министерството. Претставниците од точка 20) од овој член се бираат на начин што Министерството испраќа барање за номинација од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор воспоставен врз основа на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Член 6
Во член 10 алинеја 3 се дополнува и гласи:
-учество во изработка на стратешки и плански документи за климатски акции и праведна транзиција,

Член 7
Членот 11 се менува и гласи:
Националниот совет за одржлив развој го информира и вклучува во својата работа Националниот координативен совет за климатска акција.
Образложение:
Не е јасна потребата да се дефинира овој Совет повторно во овој Закон зошто неговата работа е веќе регулирана во претходна Одлука за формирање на национален совет за

одржлив развој. Во овој закон треба да се дефинира меѓусебната соработка, комуникација и координација и придонес кон климатска акција.

Член 8
Во членот 12 јасно да се утврди врската помеѓу советодавното научно тело и Координативниот совет за клима и да се предвидат критериуми за избор на членови.

Член 9
Во член 14 став (1) после точка 2) се додава нова точка 3) Национален план за адаптација.
Образложение:
Националниот план за адаптација треба да биде дел од основните стратешки и плански документи за климатска акција бидејќи е дел од обврските кон ЕУ кои државата ги има во секторот клима. ЕУ стратегијата за адаптација кон клима (COM/2021/82 final) предвидува Национални планови за адаптација за справување со климатските предизвици. Без Националниот план за адаптација овој член нема смисла.
Минимум содржина, процес на носење на Национален план за адаптација треба да се регулира со подзаконски акт кој ќе произлезе од овој закон.

Член 10
Во член 16 после став ( 8) се додава нов став (9) кој објаснува кога започнува процесот на подготовка на нова стратегија и тоа да биде минимум две години пред престанување на важење на старата.
Согласно барањата на ЕУ acquis-то, односно членот 15 од Governance Regulation и Анексот 4, да се предвиди 30 годишна перспектива на стратегијата во согласност со целта за климатска неутралност и обврска за усогласеност на Националниот план за енергија и клима со Долгорочната стратегија.

Член 11
Во член 18 став (4) се дополнува и гласи:
(4) Министерството е должно да го следи спроведувањето на Акцискиот план и кога е потребно, до Владата на Република Северна Македонија да предложи измени и дополнувања или корективни акции. Министерството доставува извештај до Националниот координативен совет за спроведувањето на Акцискиот план на секои 2 години. Извештајот за спроведување на Акцискиот план е достапен како што е опишано во член 4 од овој Закон.

Член 12
Во член 19 став (5) се дополнува и гласи:
(5) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје во чија надлежност се секторите од став (2) од овој член можат да развијат секторски плански документи за адаптација кон климатските промени низ широк консултативен процес и со почитување на одредбите за учество на јавноста согласно

прописите од областа на животната средина. Минималната содржина на секторските плански документи за адаптација кон климатските промени се пропишува со правилник кој го носи органот надлежен за законот за климатска акција.

Во член 19 после став (5) се додава нов став (6) кој гласи:
Општините, општините во градот Скопје и Град Скопје во чија надлежност се секторите од став (2) од овој член можат да развијат регионални стратегии за адаптација кон климатски промени согласно Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 13
Во член 25 став (2) алинеја 1 се менува и гласи:
- спречување на обезшумување и деградацијата на шумските екосистеми, и нивно враќање во нивниот поранешен статус, проширување на вегетацијата и содржината на органски јаглерод во земјиштето преку спроведување практики за одржливо управување со шумите и земјоделските области;

Член 14
Во член 27 став (2) и став (4) не е јасно за кои организации станува збор.

Член 15
Во член 40 став (3) пред алинеја еден се додава нова алинеја и гласи:
-ја утврдува цената и методологијата за утврдување на цената за надоместокот од став (1).

Член 16
Во член 41 став (4) после алинеја 3 се додава нова алинеја 4 и гласи:
-еден претставник од граѓанскиот сектор.
Образложение:
Станува збор за тема од јавен интерес за која е важно да се обезбеди зголемена транспарентност.

Во член 41 ставот (6) се менува и гласи:
(6) Јавниот конкурс се објавува најдоцна во месец февруари во тековната година во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку два дневни весници кои излегуваат на целата територија на Република Северна Македонија и официјалната веб страница на Министерството, со рок за аплицирање во траење од 30 дена.

Член 17
Во член 44 став (1) во терминот „стационарни инсталации“ зборот „стационарни“ не е потребен со оглед на тоа што во рамки на дефиницијата на „инсталација“ спаѓаат стационарните инсталации, а самиот термин „стационарна инсталација“ не е до сега дефиниран.

Член 18
Во член 45 став (3) се дополнува и гласи:
(3) Надлежниот орган за издавање на дозволата од став (2) од овој член е стручниот орган на Министерството.

Член 19
Одредбите кои се однесуваат на Дозволата за емисија на стакленички гасови (член 44-член 51) да се уредат во целост соодветно со целта на законот, овозможување на климатска акција и редукција на емисиите, со предвидување на систем на органичување и/или тргување на стакленичките емисии, и одложена примена во фази. Во првата фаза да се обезбеди следење на мониторинг планот, а потоа и фазно воведување на системот на ограничување и тргување на емисии.
Преодни одредби за отпочнување на примена на овие одредби.